HORECA 4VET

# Билтен 2

јули 2022 година



## Најзначајни активности

- Почетна средба одржана онлајн на 29 јануари 2021 година.
- Прв транснационален состанок лице в лице организиран од EDITC во Никозија (Кипар) на 28-29 март 2022 година.
- Претстојни настани:
- Трет транснационален состанок лице в лице во Валенсија (Шпанија) во организација на FEH;
- Четврт транснационален состанок лице в лице во Анталија (Турција) во организација на Универзитетот Акдениз;
- Научна завршна конференција во Краков во март 2023 година;
- Промотивни настани во секоја земја со различни засегнати страни

# ЗОШТО проект HoReCa4VET?

Главната цел на проектот HoReCa4VET е да го зголеми пристапот до доживотното учење од формална, информална и неформална природа во HORECA индустријата преку развој и имплементација на модели за валидација и сертификација според Европската рамка на квалификации.

Проектот HoReCa4VET ќе придонесе за идентификување на исходите од учењето во рамките на идентификуваните резултати од учењето од страна на работодавачите врз основа на моменталната побарувачка на пазарот, како дополнителни професионални вештини кои може да се стекнат во три квалификации како дел од проектот.

# Резултати од проектот: валидација и сертификација

Валидацијата и сертификацијата на информалното и неформалното учење е клучен предизвик за доживотното учење и приоритет за националните и европските политики за стручно образование и обука во сите сектори, вклучително и HoReCa индустријата.

Во рамките на реализацијата на проектот, партнерите работат на развивање на модели/системи за валидација и сертификација на барањата во секторот HoReCa.

Ќе се подготви сет истражувачки алатки и методи, кој исто така вклучува барања за обучувачите и персоналот за спроведување на валидација, како и дефинирање на потребната опрема, проценка на трошоците итн.

Сертификацијата е процес со кој кандидатот добива формален документ од овластена институција во кој се наведува дека постигнал одредена квалификација. Здобивањето со квалификации ќе се сфати како резултат на валидација и сертификација.

Развивањето на **модел за валидација и сертификација** одговара на потребата да се обезбеди можност да се потврди професионалната компетентност на значителен број луѓе кои работат долги години во HoReCa индустријата.



## Транснационална средба во Скопје

На 6-7 јули 2022 година се одржа вториот транснационален состанок лице в лице во организација на Самеримпекс Импулси во Скопје (С. Македонија).

За време на состанокот, партнерите го разгледаа **процесот на валидација и сертификација** во нивните земји.

**Беа дискутирани моделите на валидација:**

- методи на валидација кои се користат за да се потврдат резултатите од учењето потребни за квалификациите и човечките ресурси, односно компетенциите кои треба да ги поседуваат лицата кои вршат валидација;
- начинот на спроведување на валидацијата, како и организациските и материјалните услови потребни за соодветна валидација;

Партнерите се согласија дека како дел од платформата за е-учење, ќе има достапно онлајн тестирање за секој од модулите.

## Претстојни активности

- 2 транснационални состаноци, еден во Валенсија (Шпанија) на 1-2 септември, а вториот во Анталија (Турција) на 3-4 ноември 2022 година.
- Понатамошно развивање на моделите за валидација и сертификација.
- Понатамошно развивање на активностите (вежби, квизови, дополнителни тест прашања) за платформата за е-учење.
- Планирање и организирање на темите за публикацијата што ќе бидат претставени на завршната конференција на проектот, која ќе се одржи во Краков (Полска) во 2023 година.



HORECA 4VET

## Coordinator

STOWARZYSZENIE NA RZECZ INNOWACJI i edukacji

**Contact Details:**

**POLAND:** STOWARZYSZENIE NA RZECZ INNOWACJI I EDUKACJI
Website: -

**POLAND:** EVACO
Website: www.evaco.com.pl

**CYPRUS:** EDITC LTD
Website: www.editc.eu

**TURKEY:** AKDENIZ UNIVERSITY
**Website:** www.akdeniz.edu.tr

**SPAIN:** FUNDACIÓN EQUIPO HUMANO (FEH)
Website: www.fundacionequipohumano.es

**THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA:** SAMERIMPEKS IMPULSI DOO
Website: www.impulsi.com.mk

## Partners

EVACO
Kompleksowe Wyposażanie Obiektów Gastronomicznych
Szkolenia Kwalifikacyjne i Zawodowe

EdiTC EDUCATION & INFORMATION TECHNOLOGY CENTRE

FUNDACIÓN equipo humano
INNOVATIVE ACTIONS FOR A PEOPLE-CENTRED EUROPE

AKDENIZ ÜNİVERSİTESİ 1982 ANTALYA

IMPULSI Samerimpex

Co-funded by the European Union

This project has been funded with support from the European Commission. The publication [communication] reflects the views only of the author and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.